*Министерство за финансии*

*Национален Фонд*

# *Информација во врска со ефективното функционирање на системот за управување и контрола со ИПАРД*

## *СОДРЖИНА:*

1. Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД 2014-2020;

Системот за индиректно спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 (мерка 1, 3, 7 и 9) беше доверен со потпишувањето и стапувањето на сила на Финансиската спогодба за ИПАРД 2014-2020, во јуни 2017 година.
Во 2019 година, потребата за подобрување на работните процедури на ИПАРД Агенцијата произлезе од последните измени на ИПАРД Програмата (прва модификација одобрена од ЕК со Одлука за спроведување на ЕК од 24 јануари 2019 година за изменување на Одлуката за спроведување на ЕК C (2015) 760 од 13 Февруари 2015 година за донесување на ИПАРД Програмата), промена на името на државата во Република Северна Македонија и технички измени поради утврдени недоследности со законските одредби и наодите од ревизија.
Со предложените измени се очекува временската рамка за обработка на апликациите да се намали, имајќи предвид дека некомплетните апликации ќе бидат одбиени и нема да има Барање за комплетирање на апликацијата. Во случај апликацијата да биде комплетна, но во некои документи недостасуваат одредени податоци, ќе се бара дополнително појаснување. Ова е главната промена, во согласност со последната измена на Уредбата за имплементација на ИПАРД и предложените измени на Законот за основање на Агенцијата. Другите промени се сметаат за несуштински во однос на системот за управување и контрола.
Измените на Внатрешните постапки за работа (верзија 2.0) се подготвени од страна на оперативната структура и проверени од Националниот координатор за авторизација и испратени до ЕК на 24.02.2019 година.
Активностите превземени од ИПАРД структурата за подобрување на функционалноста на децентрализираниот систем се презентирани во продолжение.

### *1. <u>Верификациски посети</u>*

Одделението за поддршка на НАО во рамки на Годишниот план за Верификациски посети за 2018 година планира една верификациска посета во рамки на програмскиот период ИПАРД 1 (проверка на исплатени крајни корисници во делот на одржливост на проекти во ИПАРД 1 Програмата) како и верификациски посети во рамките на програмскиот период ИПАРД 2, и тоа верификациска посета во фаза на склучување на договори и верификациска посета за платени проекти кои треба да бидат декларирани до ЕК.
Во согласност со Годишниот План за Верификациски Посети за 2018, една верификациска посета во рамки на програмскиот период ИПАРД 1 беше спроведена во ИПАРД Агенцијата и кај крајните корисници во периодот јуни – септември 2018 година. Целта на верификациската посета беше да се потврди легалноста и регуларноста на трансакциите за платените проекти преку проверка на оддржливоста на проектите на лице место кај крајните корисници.
За втората и третата верификациска посета во фаза на склучување на договори и за платени проекти, конечен извештај е издаден. Целта на овие две верификациски посети беше да се проверат системите за управување и контрола, проверка на контролата на прифатливите апликации за склучување договори и потврдување на легалноста и регуларноста на трансакциите за платените проекти од истиот јавен повик. Вкупниот број на проекти проверени (за мерка 1 и 3) за време на оваа проверка е 9 проекти, од кои 6 проекти во процесот на одобрување на проект и 3 проекти во фаза на плаќање. Вкупната вредност на селектирани проекти за проверка е 653.904,33 ЕУР од 17.563.187,45 ЕВРА склучен износ, односно претставува 3,7% од вкупниот договорен износ, и проверен е износ од 67.631,17 Евра од 449.689,61 ЕУР платени проекти, што претставува околу 15% од исплатениот износ до подготовка на анализата.

Со Годишниот план за Верификациски посети за 2019 година се планирани верификациски посети во фаза на склучување на договори од Мерка 7 од јавен повик 01/2017 (проверка на специфични контролни точки) и административна проверка на проект за имплементација на Мерка 9 - Техничка помош.

## 2. ***Следење на спроведувањето на ревизорските препораки***

### (а) Внатрешна Ревизија

Управувачката и оперативните структури на ИПАРД беа предмет на внатрешната ревизија во текот на 2018 година од страна на Секторите/Одделенијата за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција.

Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Годишниот план за ревизија за 2019 година на Секторот за внатрешна ревизија во рамките на Министерството за финансии предвидува една ревизорска мисија во НАО / УС за системот на внатрешни контроли на процесот на контрола на исправноста на барањата за средства и сертификација на трошоците кон ЕК.

ИПАРД Агенција

Годишниот план за ревизија во ИПАРД Агенција за 2019 година е усвоен. Според планот се планирани 10 ревизорски мисии, од кои 5 ревизии за процесите поврзани со ИПАРД и една советодавна мисија во врска со активностите поврзани со процесот на акредитација на нови мерки - мерка 5 Лидер и мерка 10 Советодавни услуги од ИПАРД Програмата 2014-2020.

Тело за управување со ИПАРД

За 2019 година Годишниот план за ревизија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предвидува ревизорска мисија за ефективноста на спроведените и тековните проекти во рамките на ИПА структурата во МЗШВ.

### (б) Извештаи од Ревизорско тело

Ревизорско тело за ИПА во текот на 2019 година ги издаде Годишниот ревизорски извештај и Годишното ревизорско мислење за 2018 година.

Со Годишното ревизорско мислење изразено е неквалификувано мислење во однос на веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изјави / годишни сметки. Ревизорите изразија неквалификувано мислење со акцент на прашањето за законитоста и регуларноста на расходите и функционирањето на системите за управување и контрола со внимание на: недоволниот број на вработени во ИПАРД Агенцијата, немање на политика за задржување на вработените, немање професионални обуки, неусогласен Закон за основање на ИПАРД Агенција, недостаток на супервизија во процесот на одобрување на плаќање и погрешно пресметана референтна цена.

Во табелата подолу се дадени наодите од Годишниот ревизорски извештај за 2018 година за имплементација на ИПАРД II Програмата:

| | Висок | Среден | Низок | Вкупно |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| НАО/МС | / | 2 | / | 2 |
| ТУ | 2 | 6 | / | 8 |
| ИПАРД Агенција | 6 | 4 | 3 | 13 |
| Вкупно: | | | | 23 |

Во однос на отворените наоди од извештаите на РТ, НАО во координација со оперативната структура изработи Акциски план со рокови и одговорности за спроведување на препораките и надминување на наодите.

НАО континуирано го следи спроведувањето на активностите договорени за надминување на наодите. На квартална основа, ИПАРД Агенција и Телото за управување поднесуваат до НАО Табела за спроведување на ревизорски препораки, каде што е даден најновиот статус на преземени активности. Одделението за поддршка на НАО извршува анализа на динамиката на спроведување на активностите и го информираат НАО во врска со статусот на имплементација.

## ***3. Контрола на административните капацитети на оперативната структура***

Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Согласно Анализата за обем на работа за 2019 година, оптималниот број на вработени во УС е 20 (вклучувајќи го и НАО).
На крајот на 2018 година вкупниот број на вработени во УС е 17. Позицијата раководител на УС (Сектор за управување со средствата на ИПА) е слободна од 25 јануари 2019 година, поради назначување на раководителот на друга работна позиција во Министерството за финансии. До официјалното назначување на новиот раководител на секторот, раководителите на одделенијата ги преземаат одговорностите според планот за замена.
По оваа промена, моменталниот број на вработени во УС е 16 (шеснаесет), вклучувајќи го и НАО. Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2019 година потребни се дополнителни 4 (четири) лица за исполнување на потребните позиции - Раководител на Сектор, Помошник раководител на Сектор за управување со средствата на ИПА, еден службеник за финансиско управување во Одделението Национален фонд и еден службеник за ефективно функционирање на системот за управување и контрола во Одделението за поддршка на НАО.
На 7 февруари 2019 година започна постапка за унапредување на следните работни места: раководител, помошник раководител на Сектор за управување со средствата на ИПА и Виш соработник. Постапката е во мирување поради претседателските избори.

*ИПАРД Агенција*

Анализата за обем на работа на ИПАРД Агенција ги опфаќа активностите за петте мерки од ИПАРД Програмата, односно четири мерки за кои е добиено индиректно управување и една нова мерка за Инвестиции во јавна рурална инфраструктура, која е во фаза на акредитација.
Согласно Анализата за обем на работа за 2019 оптималниот број на вработени во ИПАРД Агенцијата е 150.
Во моментов, заклучно со 09.04.2019 година, 118 вработени се ангажирани на прашања поврзани со ИПАРД во Агенцијата.

**Преземени активности за зајакнување на кадровските капацитети во ИПАРД Агенција:**
Владата на Р. Северна Македонија се заложи за реализација на неопходните вработувања. Имено, постапката за вработување во ИПАРД Агенција, согласно заклучокот на Влада, на овие нови државни службеници ќе се спроведува во три фази, и тоа:

- прва фаза - 28 нови вработувања;
- втора фаза - 20 нови вработувања и
- трета фаза - 20 нови вработувања.

Првата фаза е завршена во Април 2018 година и почнувајќи од првата недела од Мај, избраните кандидати беа привремено ангажирани во Агенцијата до 31.12.2018 година. Од вкупно 28 вработени, 22 лица се ангажирани директно во ИПАРД структурата и 6 вработени лица се индиректно вклучени во имплементацијата на ИПАРД (како на пример Сектор ИТ). Имајќи во предвид дека овие вработувања се привремени, договорите за овие вработени се продолжени до 30ти Април 2019 година.

Покрај тоа, во текот на 2018 година, 1 (еден) вработен (помлад соработник) ја напуштил својата позиција во Агенцијата, а 1 (еден) вработен е префрлен да работи во ИПАРД структура.

Имплементацијата на втората фаза започна со објавување на јавен оглас на крајот на октомври 2018 година. Втората фаза беше завршена во јануари 2019 година и од 11.01.2019 година избраните кандидати беа ангажирани во Агенцијата како постојани вработени. Во рамките на оваа постапка, од објавени 20 нови вработувања беа ангажирани 12 вработени, од кои 11 беа назначени да работат на ИПАРД, а 1 вработен е индиректно вклучен во имплементацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во текот на јануари-март 2019 година, 3 (тројца) вработени ја напуштиле позицијата во Агенцијата, а 1 (еден) вработен е префрлен да работи во ИПАРД структура.

ИПАРД Агенција го реобјави огласот за вработување на останатите 8 административни службеници и 4 унапредувања на 03.01.2019 година. Постапката е во тек.

Паралелно, имајќи ја предвид политиката на задржување и мотивација, на 17.10.2018 година започна постапка за унапредување на 28 постојни административни државни службеници и тоа: со објава на интерен оглас за 20 и преку објава на јавен оглас за 8 вработени. Овие постапки за унапредување беа завршени во јануари 2019 година. Во рамките на оваа постапка вкупно беа унапредени 21 државен службеник во Агенцијата, од кои 15 државни службеници вклучени во ИПАРД структурата на Агенцијата.

Третата фаза - вработување на дополнителни 20 нови административни државни службеници се планира да започне со објавување на јавен оглас за време на вториот квартал од 2019 година, по претседателските избори.

Со реализацијата на планот за вработување за 2018 година, како што е наведено погоре, ИПАРД Агенција ќе биде целосно екипирана (100% исполнување на потребните работни позиции според АОР).

*Тело за управување со ИПАРД*

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2019 година оптималниот број на вработени во Телото за управување со ИПАРД е 19.

Во 2019 година еден помлад соработник во Одделението за техничка помош е префрлен да работи во друг оддел во рамките на МЗШВ. Покрај тоа, службеникот кој е вработен во Телото за управување со ИПАРД од 2009 година, како советник за програмирање и евалуација на ИПАРД фондови, на 08.02.2019 година беше унапреден на работна позиција заменик раководител на Секторот за управување со претпристапните фондови на ЕУ за рурален развој развој (ИПАРД).

Моменталниот број на вработени во ТУ е 16 (вклучувајќи Раководителот на ТУ).

Во табелата подолу се дадени податоци во однос на човечките капацитети во Април 2019 година:

| Институција | Број на вработени на 31.12.2018 | Потребен број на вработени согласно АОР 2019 | Реализирани нови вработувања до 09.04.2019 | Напуштени позиции до 09.04.2019 | Моментален број на вработени 09.04.2019 | Стапка на искористеност | Стапка на обрт на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 17 | 20 | / | 1 | 16 | 80% | 5,9% |
| ИПАРД Агенција | 109 | 150 | 12 | 3 | 118 | 78,7% | 2,8% |
| Тело за управување со ИПАРД | 17 | 19 | / | 1 | 16 | 84,2% | 5,9% |
| Вкупно | 143 | 189 | 12 | 5 | 150 | 79,4% | 3,5% |

## ***4. Акредитација на нови мерки во рамки на ИПАРД Програмата***

Барањето за пренесување на право за индиректно управување со мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД II Програмата беше доставено од страна ан НАО до ЕК на 13 ноември 2018 година.
Со Допис од 03 Април 2019 година ГД АГРИ достави првични забелешки и препораки во однос на доставената пакет документација. Главните забелешки се однесуваат на недостатокот на човечки капацитети, Измените на Законот за основање на АФПЗРР како и процедурите за работа за спроведување на мерката.
По добивање на забелешките од страна на ГД АГРИ, националните структури одржаа координативен состанок со Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство и со цел поефикасно надминување на забелешките како и тековното спроведување на програмата, средина на септември 2019 година беше договорен како рок за надминување на забелешките и слабостите.
Моменталниот статус по однос на забелешките истакнати од страна на ГД АГРИ е следен:

1. Измените на Законот за основање на АФПЗРР поради претседателските избори се одложени за усвојување во текот на Мај 2019 година.
2. Во однос на човечките ресурси детален преглед е даден во точка 3 од овој документ,
3. Во однос на процедурите, првична анализа на забелешките од ГД АГРИ е направена и соодветно ќе се работи на надминување на истите паралелно со останатите активности.

## ***5. Планирање и следење на имплементацијата на ИПАРД Програмата и апсорпција на ИПА фондовите***

Првиот јавен повик во рамките на ИПАРД Програмата 2014-2020 беше затворен во јули 2017 година и беа примени 1648 апликации. Од првиот јавен повик во рамките на ИПАРД Програмата 2014-2020 се склучени 901 договори од мерката 1 во износ од 10.719.321,00 ЕУР (ИПА + НКФ), од мерката 3 се склучени 31 договори во износ од 6.621.696,00 ЕУР (ИПА + НКФ) и од мерка 7 се склучени 23 договори во износ од 4.297.194,64 EUR (ИПА + НКФ).
Во текот на декември 2018 година објавени се два јавни повици за мерка 1 и мерка 3. Под овие јавни повици примени се 1164 барања (1099 за мерки 1 и 65 за мерка 3). Фазата на

склучување договори од двата јавни повици во 2018 година е во тек и заклучно со 24.04.2019 година склучени се 4 договори од мерка 3 во износ од 350.074,00 ЕУР (ИПА + НКФ).
Во ИПАРД Програмата 2014-2020 (1-ва модификација) за мерка 9 (Техничка помош) доделени се 1.752.941,18 ЕУР (вкупно јавна помош). Во моментот, Акцискиот план за 2019 година за имплементација на оваа мерка предвидува набавки во износ од 257,584.00EUR што е околу 14,7% од расположливиот буџет. За оваа мерка доставени се 11 апликации до ИПАРД Агенција, од кои за 9 се склучени договори во износ од 149.000,02 ЕУР и исплатени се 3 договори во вкупен износ од 4,512.35 ЕВР (ИПА + НКФ).

## ***6. Финансиски менаџмент***

Во однос на финансиското управување со средствата од Унијата, активностите беа редовно спроведувани согласно регулативите и усвоените процедури. Заклучно до 23ти април 2019 година исплатените ЕУ средства се во износ од 1.675.412,01 евра.
Декларациите на трошоци кои служат како Апликација за плаќање беа доставени секој квартал од 2018 година и за прվиот квартал од 2019 година во согласност со зададените рокови. Декларираниот износ на средства од Унијата изнесува 1.395.735,77 евра. Национален фонд редовно ги испраќа Апликациите за плаќање преку СФЦ2014 системот.
Сите трансакции настанати на сметките на НФ се соодветно прикажани во сметководствената евиденција.

## ***Калкулација за губење на средства***

При определувањето на потенцијалниот ризик за губење на одобрените средства како претпоставки се земени во предвид следниве инпути:

1. Вкупните ИПА алокациите за 2014-2016 година изнесуваат 15,000,000.00 евра;
2. Применo е прет-финансирање во износ од 6,300,000.00 евра;
3. Планирани ИПА исплати во 2019 година изнесува 11,250,000.00 евра.

Земајќи ја во предвид калкулацијата во прилог, нема потенцијален ризик за губење на средства на крајот од 2019 година.

| **V компонента<br>Пресметка на потенцијалниот ризик од губење на средства согласно правилото н+4** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Референца** | **ИПАРД средства €** |
| 1. | Финансиски алокации | 15,000,000.00 |
| 2. | Добиени средства како пред-финансирање | 6,300,000.00 |
| 3. | Вкупно исплати до 23.04.2019 | 1,675,412.01 |
| 4. | Планирани исплати до крајот на 2019 | 10,577,376.09 |
| 5=1-2-3-4 | **Нема потенцијален ризик од губење на средства на крајот на 2018** | |

Со цел да се избегне губењето на средства, 7 милиони евра треба да се исплатат до крајот на годината. Како и да е, постои висок ризик за губење на средства, земајќи во предвид дека 3.8 мил евра се планирани да се исплатат во четвртиот квартал од 2019 година.